MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

February 03, 2025 ■ Volume 42, Issue 4 (474) ■ Free www.macedoniannewspaper.com

# "THE BEST OF ILINDEN"







Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска,*
*главен*
*и одговорен*
*уредник.*

---

*Техничко*
*уредување*
*и дизајн*
*Соња Лозановска*

---

macedonia.canada@yahoo.com
Published by
901039 Ontario Limited

**Месечен весник на Македонците во Канада. Првиот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.**

## Почитувани читатели,

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O'Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9
starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

## *Голема благодарност до нашите соработници:*

**Танас Јовановски**
**- поранешен уредник на весникот „Македонија”, колумнист**

**Отец Александар Тодоровски соработник за верата**

**Никола Петковски - креатор на крстозборот за весникот Македонија**
**Зоран Андоновски – соработник**

**Снежана Тешовиќ - македонско неделно училиште-Свети Климент Охридски**

**Ташко Кубановски - за рубриката „Афоризми”(Постхумно, архивирани необјавени материјали)**

**Зоран Карапанчев - фотограф, соработник**
**Боне Темелков - СМК-Канада**

**Специјални Дописници:**
**За Македонците од Албанија известува Никола Ѓурѓај**
**Горнан Јовановски-колумнист**

**Од Пиринска Македонија за весникот Македонија: Стојко Стојков**
**Блага Дафовска во рубриката „Поезија со повод„**
**Славе Катин - соработник публицист**

**Колумнисти:**
**Горнан Јовановски**
**Диме Костов**
**Каролина Ристеска- „Направи сам„**

**Су Иствуд- страница за македонски кулинарски специјалитети**

**Александра Петковска - соработничка од Македонската Заедница во Канада**

*40 ГОДИНИ СО ВАС*
MACEDONIA Македонија NEWSPAPER
**Contact: Macedonia**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com**
**416-827-0954**

looking for a
REAL ESTATE AGENT?



MEET
MAJA DIMITRIEVSKI
OF
Golden House Realty Inc

MAJADIMITRIEVSKI129@GMAIL.COM
WWW.GOLDENHOUSEREALTY.COM
(416) 347-7689

**Среќни празници од Маја Димитриевски!**

Ви посакувам вам и на вашите најблиски празници исполнети со радост, топлина и незаборавни моменти. Додека го славиме овој посебен период од годината, тука сум да ви помогнам да го најдете вашиот дом од соништата или да ја продадете вашата сопственост со внимание и експертиза.

**Планирате да најдете нов дом во Новата година?** Ајде да ги претвориме вашите цели во реалност!

Контактирајте ме на: **416-347-7689**
Е-пошта: **majadimitrievski129@gmail.com**

Ви благодарам за вашата доверба и поддршка оваа година. Нека празниците ви бидат прекрасни, а 2025 година успешна!

**Маја Димитриевски | Ваш доверлив агент за недвижности**






# ST. CLEMENT OF OHRID

Macedonian Orthodox Cathedral

76 Overlea Blvd, East York, Ontario M4H 1C5
416-421-7451 | info@stclementofohrid.com | www.stclementofohrid.com






## КРШТЕНИЕТО НА НАШИОТ ГОСПОД ИСУС ХРИСТОС!

Големото Осветување на Водите, празникот Водици во нашата катедрална македонска православна црква свети Климент Охридски во Торонто отпочна со литургија во црквата, а продолжи со аукција на осветените икони.

Таа недела, на 19-ти јануари, бројни Македонци заедно го одбележаа Крштението на нашиот Господ Исус Христос! Чинот на фрлање на крстот во осветената вода во импровизираниот базен пред црквата беше настан сам по себе повеќе од автентичен.







Храброста да го фатат крстот на студеното време и температурите под нула ја имаа повеќе млади Македончиња.

Охриѓанчето со најголема среќа што го фати Светиот Крст е Иво Мартиноски. Тој доби пригодна парична награда од црквата Свети Климент која пред олтарот му ја врачи претседателот на управниот одбор Борис Стоикос.
















# VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

*2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3*

## *Bill Hristovski*




## *Join the VAC Dev Team!*

*An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.*

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

### *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time






# НЕДЕЛНО УЧИЛИШТЕ ОД ЦРКВАТА СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

## *ЗАПОЧНА СО РАБОТА УЧИЛИШТЕТО ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ВОЗРАСНИ ВО ЦРКВАТА СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ВО ТОРОНТО*



**Подготвила Снежана Тешовиќ, учителка по македонски јазик во училиштето Свети Климент Охридски**

Почитувани читатели! Што треба да има во зима? Како прво, во зима снег треба да има, бели улици и виулици, снежни топки, лизгавици, мразулци и лапавици, брзи скии, лесни санки, наведнати снежни гранки, златни ронки за врапчиња, оревчиња, колачиња, топла соба, шеги разни, од баба и дедо сказни. Штом е зима, штом е зима, треба ова да го има. Македонка Јанчевска По краткиот зимски распуст еве не повторно на самиот почеток на второто полугодие од учебната 2024/25 год. со прекрасни впечатоци од Божиќните и Новогодишните празници. По тој повод учениците од Македонското училиште пишуваа за своите најубави доживувања од распустот.

**Божиќен распуст**

Овој Божиќен распуст го поминав најубаво.Секој ден можев да спијам подолго , бидејќи не морав да станувам за на училиште. Кога моите родители беа на работа, јас се дружев со моите другарки. Нова година ја прославивме со нашите пријатели Софија и Наум. Тогаш јадевме многу вкусна храна, правевме колачиња и ја слушавме нашата омилена музика. Многу интересно и весело ја поминавме оваа Нова година. На шести јануари славевме Бадник. И тогаш имавме фамилијарна вечера.Кога го скршивме лебчето, паричката и се падна на мајка ми. Наредниот ден го прославивме Божиќ. Рано наутро отидовме во црква и ги видовме нашите другарчиња од Македонското Училиште и сите заедно пеевме неколку Божиќни и новогодишни песни. По завршувањето на Светата Литургија добивме Божиќни пакетчиња подготвени од нашата учителка. Прославата на Божиќ продолжи во една од салите со музика и вкусна македонска храна. Јас го поминав мојот Божиќен распуст најубаво. ***Ева Марковска "***.

***Како ги прославив Нова година и Божиќ "***

Јас Новата година и Божиќ ги прославив многу убаво. Оваа Нова година јас ја прославив со Софија и Наум. Ние игравме различни игри и пеевме песни.Десет секунди пред Нова година ние почнавме да броиме од десет station наназад и тогаш си ја честитаме Новата година. За Божиќ јас добив подароци од моите родители и од мојата сестра.

Многу се израдував.Божиќ го прославив со мојата фамилија.Мајка ми подготви вкусна македонска храна. Јас многу го сакам Божиќниот распуст затоа што можам да спијам повеќе и можам да го прославам Бадник, Божиќ и Нова година.

***Мила Марковска***



Со Благослов и молитва на парохиските свештеник протоерej Александар Тодоровски од неодамна започна со работа училиштето по Македонски јазик за возрасни во црквата Св.Климент Охридски во Торонто . Истото го посетуваат 20 ученици.Освен ученици со македонско потекло има и ученици од други националности кои со голема желба, посветеност, љубов и ентузијазам ги следат часовите. Задоволството е големо а одговорноста уште поголема да им се помогне на сите што подобро и поуспешно да го научат нашиот милозвучен македонски јазик. Сите ние со нетрпение ги очекуваме нашите редовни часови. Продолжуваме понатаму со нови сили, во нови победи и предизвици.





**Училиштето по македонски јазик за возрасни почна да работи во црквата Св.Климент Охридски. Часовите ги посетуваат 20 ученици со македонско потекло како и од други националности, желни да го научат или усовршат македонски јазик под раководство на учителката Снежана Тесовиќ.**

**---------------------------**

**The Macedonian language school for adults has started operating in the church of St. Kliment Ohridski. The classes are attended by 20 students eager to learn or improve their native Macedonian language under the guidance of teacher Snezana Tesovic.**



# ВО ТОРОНТО ПРИСТИГНАА КНИГИТЕ ЗА ДЕЦА И ВОЗРАСНИ ИЗДАДЕНИ ПО ИНИЦИЈАТИВА НА ЛИТЕРАТУРНОТО ДРУШТВО "БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ" ОД ТОРОНТО



***Зоран Карапанчев, претседател на Литературното Друштво „Браќа Миладиновци„***

Неодамна од Македонија во Торонто пристигнаа книгите за деца и возрасни издадени по иницијатива на Литературното друштво "Браќа Миладиновци" од Торонто.

Тоа се сликовниците за деца "За децата во Торонто", "Мечтаење", "Божиќ иде, радост носи", "Ана во село", книги поезија и проза "Носталгија" и "Јануарските празници", како и Календар 2025 на Литературното друштво "Браќа Миладиновци" со училиштето по македонски јазик при црквата Св.Климент Охридски.

Автори на делата се македонски поети и писатели од Македонија и шурум светот. За прв пат во нив објавуваме и поезија напишана од учениците во училиштето за македонски јазик при црквата Св.Климент Охридски во Торонто.

Овие книги беа објавени со големата помош на Вера М. Самарџиjанин, Ивана Килибарда и Клубот на писатели "Коста Солев - Рацин" од Велес. Книгите се поделија на аторите застапени со нивни дела во овие книги, на учениците во училиштето по македонски јазик при црквата Св.Климент Охридски во Торонто, а ќе бидат поделени и по библиотеките при училиштата по македонски јазик во македонските црковни општини, како и во Музејот на јазиците во Торонто.




**Професор Виолета Ачковска: Што недостига најмногу на овој свет?**

Љубов и душа. Душа топла, широка, несебична, наместо рамнодушност и озлобеност кои удираат по нас секој ден. Човекот на денешницата го губи човечкиот лик без љубовта која му дава крила за лет во убавината на животот. А извор на чистата љубов е во детското срце, кое сака без огради. Затоа, да го чуваме детето во нас, можеби скриено во некој заборавен агол од нашата свест. Токму тоа и го направиле групата автори во песните посветени на децата.

Честитки за оваа прекрасна иницијатива и реализација на Литературното друштво "Браќа Миладиновци" од Торонто, на неговиот претседател Зоран Карапанчев и на неуморната Вера М Самарџијанин.




# ПРОСЛАВАТА НА МАКЕДОНСКАТА СТАРА НОВА ГОДИНА ВАСИЛИЦА, ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МПЦ СВ. ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ ОД МАРКАМ





На 11 јануари во раскошната банкетна сала Кристал Банкет се одржа големата прослава на македонската православна нова година Василица организирана од управите на црквата свети Димитрија Солунски од Маркам .

Со благослов на парохискиот свештеник отец Горан Ристески кој се обрати до присутните, пренесувајќи ги срдечни те желби и честитки за успешна и радосна Стара Нова Година отпочна величенствената прослава. Претседателот на црковната управа Диме Малаковски упати најсрдечни честитки за успешно ново лето господово заблагодарувајќи им се уште еднаш на сите кои ја поддржуваат црквата Свети Димитрија Солунски. Кон благословот и честитките се придружи и отец Александар Тодоровски од МПЦ Св. Климент Охридски ид Торонто.







И годинава на прославата на Василица се лицитираше василичарското печено прасе подарено од Живко Секуловски. Го откупија Трене и Донка Кузмановски. Инаку кумови за оваа година се избраните на патрониот ден, членовите на семејството на Перо Атанасов. Во културно-забавната програма настапија малата и средната група на КУД ,, Билјана,, при црквата домаќин. Исто така впечатлив беше и настапот на ветеран ската група ,, Здравец,,.

За забавата со македонски песни и ора заслужни беа Крис Димовски со Љупчо Тупаноски, Душко Петковски и Ник Стефановски, како и познатите естрадни уметници: Анета Наковска и Спасе Матлијоски. Беше разиграно и распеано до раните утрински часови кога присутните си ја честитаа новата 2025 година. Управата на Св. Димитрија со претседателот Диме Малаковски им благодари на сите кои придонесоа и оваа Василица да биде повеќе од успешна. За многу години!












# ПРАЗНИЧНИТЕ ДЕНОВИ ОД ЈАНУАРИ ВО ХРАМОТ СВЕТА НЕДЕЛА

Месецот јануари е исполнет со празници и духовно напојување за секој верник. Инспирација и исконска потреба да се биде во црквата, да се придонесува, дарува, помолува, украсува, да се радува. За празниците заеднички именител беше сплотеноста, подеднакво учество на парохијаните и мажи и жени. Задоволство беше да се видат паровите во подготовките за Божик, Василица, Водици. И тоа вроди со плод, се одржаа незаборавни прослави и четсвувања кои ги поткрепуваме со фотографии. Василица, Македонската Православна



Нова Година во ново руво заблеска, банкетната сала речиси непрепознатлива во боите на празнувањето, беше тоа еден модерен маскенбал, а музиката со звуците на Ице, Тасе и Васко,г и топеше срцата. Маја Димитриевска идеен творец со соработниците, пред се претседателот на црковната управа Славе Бунтески, женската секција со претседателката Милица Попоска, пензионерското друштво со претседателот Мајк Кожовски.

Сите со своите тимови придонесоа и оваа празнична сезона да биде повеќе од успешна. Радоста беше голема и за Водици, од божествената литургија до осветувањето на водите и лицитацијата на иконите со благослов на парохискиот свештеник отец Александар Зашов.

Крстот од осветената вода го фати младото девојче Лена Зашова.









## ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА СЕ ЗБОГАТИ СО НОВИ РЕЗБАНИ ПРЕДМЕТИ КОИ ЌЕ СЛУЖАТ ПРИ БОЖЕСТВЕНИТЕ ЛИТУРГИИ







Во Македонската Православна Црква Света Недела од Ејџакс деновиве од Македонија пристигнаа двете помошни масички и аналојот, пулт или кос држач на кој се поставуваат икони или Евангелието. Може да се користи и како пулт за читање од литургиски книги за време на богослужба.

Истите се дело на познатиот македонски резбар Гоце Ѓорески од Охрид чиишто дела се наоѓаат и во други македонски православни цркви во Канада.

Аналоите се користат за почит на иконите, обично со свеќник покрај или зад нив, или кандило кое гори над него. Свеќникот може да држи една свеќа и да се користи за да ја осветли иконата или може да има место верниците да запалат свеќи додека изразуваат почит на иконата.

За време на Божествената литургија се поставува аналој пред царските двери за читање на Евангелието и олтарските служители стојат на двете страни со свеќи. Ако ѓаконот го чита Евангелието, аналојот ќе биде поставен така што тој ќе гледа на Исток (кон олтарот) додека чита; ако некој свештеник чита, аналојот ќе биде поставен така што да гледа на Запад (кон народот).

Во разговор за весникот ,,Македонија,,претседателот на црковниот управен одбор во Света Недела господин Славе Бунтески изрази голема благодарност до дарителите на овие украсни и корисни предмети за црквата, како и до изработувачот, мајсторот Гоце Ѓорески.

Господ да ги благослови дарителите и мајсторот Гоце Ѓорески со неговата фамилија- вели господин Бунтески.




## ДОБРОТВОРЕН БАНКЕТ ЗА СВ. МАРИНА

**Датум: 8 февруари 2024 година**
**Забава: Настапи од Соња и Оливер, Крис Димовски, Душко Петкоски и Диџеј Ане.**
**Прославете ја македонската музика и култура додека ја поддржувате историската црква Св. Марина во областа Мала Преспа, Албанија.**
**Оваа вечер ќе понуди неверојатна жива музика, изненадувања и активности за деца.**
**Цени со вечера:**
- **Возрасни: $60 Студенти: $50**
- **Деца под 12 години: $35 )**

**Придружете ни' се за една незаборавна вечер и помогнете да зачуваме драгоцен дел од нашето наследство!**




Македонската Православна црква Св. Никола во Виндзор со голем пиетет и присуство на верници и членови свечено ги прослави Божикните и Богојавленските празници.

Најпрво, го одбележавме Патрониот празник на нашата црковна заедница Свети Никола со Литургија и на денот и во Неделата. Кумови за Св.Никола беа Драгиша и Венета со синовите. Во продолжение следуваше свечен банкет и богата програма со настапи на нашата играорна група Гердан, вокалната група Серенада и претстава на децата од неделното училиште. Бадник и Божик беа радосни денови во кои нашата црква ја посетија многу македонци. Особено беше добра слика да се видат присутни многу млади. На 12 Јануари беше споменот на новиот македонски светител Св.Гаврил Велички и нашите верници имаа можност да се поклонат на неговите свети мошти.

За Обрезание Христово и Василица служевме вечерна служба и во продолжение беа благословени и поделени василичарските пити со богородичен златен приврзок. Оваа година благословот да го добие овој приврзок го имаше Марија Кумановска. Господ да ја благослови.

Богојавление и Св. Јован истотака, достоинствено се прослави во нашата црква. Беше поделена света вода на верниците и имавме свечен ручек за овој ден. Кумови за празникот беа Никола и Маргарита Рувинови со семејството. По дарувањето на иконите, овој ден следуваше Литија и голем Богојавленски водосвет. На крајот на водосветот Чесниот Крст беше положен во вода и најбрзите од присутните деца го фатија Крстот.

Нека празниците бидат за многу години и на здравје и спасение на сите Македонци!













## Volunteers of the Year at St. Nicholas MOC in Windsor

Every year on our patron saint day, St. Nicholas, we at St. Nicholas Macedonian Orthodox Church in Windsor award a Volunteer of the Year Certificate to an individual or individuals who, over the year, have made outstanding contributions through volunteering in our community. This year, two outstanding individuals were honored: Stacy George and Goran Zoksimovski.

Before the Volunteer of the Year Certificates were given, the president, Vera Najdovska, took a moment to recognize and acknowledge two very special individuals for their incredible and long-standing dedication and contributions to the community. For years, they have made celebrations like St. Nicholas Day and many other religious holidays very enjoyable with their delicious food preparation. These two individuals were Anga Ristovski and Boris Naumovski.

Anga and Boris volunteer their time for every holiday celebration. While the rest of the community enjoys themselves and celebrates together, Anga and Boris are hard at work in the kitchen, not only on the day of the holiday but also in the days leading up to it, preparing food. On behalf of the community, the president thanked them and presented them with a small token of appreciation: an icon of St. Nicholas.

Next, the president introduced and presented Volunteer of the Year Certificate, to Stacy George. Stacy has been a member of the Ladies Auxiliary for few years and currently serves as its secretary. As a high school teacher, she brings her passion for working with children into the community, organizing events for kids that bring joy and excitement to their lives. Over the past two years, together with the Ladies Auxiliary, Stacy has organized five children's events that take place around Easter and Christmas. At these events, kids create crafts—be it for Easter or Christmas—and participate in activities appropriate for the holiday, such as coloring Easter eggs and making kozinak, or for Christmas, creating Nativity scenes or other Kolede-inspired activities. Whatever the event, the children always eagerly look forward to participate in.

Stacy also organized a memorable trip to Ajax for our community, bringing everyone together for a wonderful day. Beyond event planning, she often visits the church—sometimes once or twice weekly, sometimes more during the summer—just to ask, "What needs to be done? What can I do?" Her willingness to help, no matter how small or large the task, has made a big difference. Thank you, Stacy, for your dedication and kindness.

Next, a Volunteer of the Year Certificate was presented to Goran Zoksimovski. Like Stacy, Goran is a regular presence at the church, offering his help nearly every week. As a professional electrician and owner of his own electrical company, Goran has been invaluable to us. Whenever he is called, no matter the issue, Goran shows up promptly and always with a smile. If he is unable to come himself, he ensures one of his workers is sent to address the problem. Goran has saved us significant expenses over the years, and it is always a pleasure working with him. Thank you, Goran, for your reliability, generosity, and positive spirit.

On behalf of the entire St. Nicholas community, we extend our deepest gratitude to Stacy and Goran for their selfless contributions. Volunteers like them, along with Anga and Boris, are the backbone of our church, and their efforts keep our community strong and vibrant. Thank you all for your remarkable dedication!









# FAMILY NIGHT

The Ladies Auxiliary of the St. Nicholas Macedonian Orthodox Church of Windsor hosted their 3rd annual Family Night on Sunday, December 29.

The night embraced the holiday spirit with festive music, hot chocolate and featured a Kolede-inspired experience in the beautifully decorated outdoor patio. The happy children visited each decorated station with their stockings to collect treats including the traditional Kolede treats such as apples, mandarins and chocolate coins. Father Emil Atanasov gave out specially baked Kolede cookies in front of the Nativity scene, later explaining its significance to the children.

The fun extended from the outdoor patio to the big hall. First the children and everyone else were treated to supper. We are deeply grateful to Ana and Jovan Dresic and Julka and Vlatko Josevski of Naples Pizza (La Salle) for their very generous pizza donation for our event. The pizza was delicious. Our dedicated church president, Vera Najdovska, prepared and donated her signature Christmas punch, which everyone enjoyed. She also captured the smiles and laughter of all the children throughout the evening by taking photos.

The 31 children enjoyed making holiday crafts, including their own mini Nativity scenes. The big hall was also transformed into a 16-lane bowling alley which was a hit for the children of all ages.

Despite the rainy weather, the evening culminated in high energy fun as pails of “snowballs” were brought out, creating some indoor winter play in the big hall.

Everyone enjoyed themselves from the very young and old. Watching the children have some much fun, gave a big smile on the adults faces – it was a great happy night!

We extend our thanks to the children, parents, and volunteers, especially those from the dedicated Administrative Council of St. Nicholas. Throughout the year, the Ladies Auxiliary organizes weekly coffee hours, hosts and assists with many church events, all made possible by the support of the community and teamwork of our volunteers. We are proud to work together so that the St. Nicholas Macedonian Orthodox Church continues to be a place where we can gather in faith and carry out traditions just as our church founders envisioned.
























ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
PHONE: 905-821-8050
WEB: WWW.ST-ILIJA.CA

PARISH PRIEST:
O. BLAGOJ PENEV
289-885-43347
FATHERBLAGOJ@ST-ILIJA.CA



# НА ВАСИЛИЦА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МПЦ "СВЕТИ ИЛИЈА" ОД МИСИСАГА ПРИСУСТВУВАА НАД 1200 МАКЕДОНЦИ



На 11 јануари 2025 година, во Мисисага, а во организација на Македонската православна црква "Свети Илија"се одржа традиционалниот дочек на Василица - Православна нова 2025 година.

Над 1200 Македонци од повеќе околни градови присуствуваа на прославата која отпочна со настапите на фолклорните групи на ансамблот ,, Илинден,, кој работи како гранка на оваа црква.

Водителите Кети и Крис Кожовски на англиски и македонски јазик не воведоа во ноќта во која традиционално на почеток беше лицитира и новогодишното печено прасе. Откупната цена на лицитацијата достигна 2,500 канадски долари, а истото го откупи Благоја Пројковски.

Благослов на погачата и молитви за кумовите и присутните измолија парохискиот свештеник отец Благој Пенев заедно со отец Илија Донев.

Богато беше и новогодишното мени во раскошната сала за свечености, Мисисисага Конвеншн Центар, а годинава програмата беше збогатена со настап на неколкумина естрадни уметници од Македонија. Во придружба на групата Балкан Ентертејнмент со македонски песни присутните ги забавува естрадните уметници: Благоја Грујовски, Влатко Миладиноски, Дамјан Стојаноски и на хармоника маестро Златко Миладиноски. ,, Велат не нема,, , ,, Тешко мина докторе,,, ,, Туѓино Јабано,, беа само некои од хитовите кои едногласно ги пееше насобраниот македонски народ за Василица.

Во текот на прославата се извлекуваше и новогодишна лотарија, а за присутните според традицијата се продаваше и василичарско мазниче со паричка.Претседателот на црковната Управа на Свети Илија Васко Недановски на сите им ја честиташе Новата православната нова 2025 година и им посака здравје, среќа и бериќет во годината.












# ПРОСЛАВАТА НА ВАСИЛИЦА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МПЦ "СВЕТИ ИЛИЈА" ОД МИСИСАГА













ST. ILIJA MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

1775 BRISTOL ROAD WEST
MISSISSAUGA ON L5M 2Y5
905.821.8050
WWW.ST-ILIJA.CA

**Годишен состанок на членско Собрание на Свети Илија**

**Недела 23 Февруари 2025 година @ 12:15 часот - Сала на црквата „Света Илија"**

Јануари 29, 2025

Почитувани Членови, Браќа и Сестри,

Пристигната е одлука за редовни избори на нови црковни управи од Митрополитот Амерканско Канадски г. Методиј и поради тоа на редовниот состанок на Црковниот Управен одбор одржан 29 Јануари 2025, а врз основа на Правилникот на Црквата, член 34 се донесе одлука за свикување на редовно изборно Заседание за Членското собрание.

**ПОКАНА**

Црковниот управен одбор ве поканува на редовно изборно Заседание на Членското собрание. Заседанието ќе се одржи во **Недела на 23 Февруари 2025 година во 12:15ч во Црковната сала**, а веднаш по завршувањето на Светата Литургија.

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Молитва и отварање на Заседанието
2. Избор на Черман за Заседанието
3. Избор на двајца записничари (Македонски и Англиски јазик)
4. Избор на две лица за заверување на записникот
5. Извештај од Пресеaдателот г. Васко Недановски
6. Извештај од Благајникот г. Стив Каранфилов
7. Дискусии по извештај
8. Разрешување на Црковниот Одбор
9. Избирање нов Црковен Одбор за 2025-2027
10. Разно

Согласно одлуката на црковниот одбор, ве молиме членарината кон Црквата да си ја подмирите најдоцна до 15 Февруари 2025 година.

Со Почит

Г-дин Васко Недановски, Претседател

Г-дин Крис Кожовски, Секретар

Парохиски Свештеник, Отец Благој Пенев



# ПРОСЛАВАТА НА ВАСИЛИЦА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА МПЦ “СВЕТИ ИЛИЈА” ОД МИСИСАГА



































THENEDANTEAM
RENOVATE ■ LIST ■ SOLD
▪Staging ▪Moving ▪Reno's ▪Storage
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
NEDANREALESTATE.CA
Biljana Arsenovska
647.333.9628 Broker
416.906.1398 Sales Rep
WE ARE A FULL SERVICE REAL ESTATE TEAM
OUR SERVICE DOESN'T END AT JUST PURCHASING OR SELLING YOUR HOME. WE FIRMLY BELIEVE IN HELPING YOU EVERY STEP OF THE WAY TO ENSURE A SMOOTH AND STRESS-FREE PROCESS. NOT ONLY WILL WE FIND YOUR PERFECT HOME, WE CAN HELP YOU MOVE INTO IT!
RIGHT AT HOME


FOR SALE
GEORGETOWN
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR SALE
MISSISSAUGA
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


FOR LEASE
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398


JUST LEASED
TORONTO
THENEDANTEAM
Vasko Nedanovski
647.333.9628
Biljana Arsenovska
416.906.1398

ST. ILIJA
MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH
СВ. ИЛИЈА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА

# VASILICA 2025 EVENT SPONSORS

## THANK YOU TO ALL OF OUR SPONSORS FOR YOUR CONTINUED SUPPORT OF ST. ILIJA MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH! MAY GOD BLESS YOU AND YOUR FAMILIES!





My Dental Hygiene Studio
Independent dental hygiene practice
Teeth Cleaning/Scaling
Teeth Polishing
Dental Hygiene Exam
Oral Hygiene Instructions
Teeth Whitening
Teeth Gems
We accept Canadian Dental Care Plan (CDCP)
We do direct billing to Insurance Companies
BOOK NOW
(647) 971-4956
1-49 Mississauga Rd.N
Mississauga, ON, L5H 2H9
info@mydentalhygienestudio.ca
www.mydentalhygienestudio.ca
My dental hygiene studio
my.dental.hygiene.studio
Milena Hadji Daovska
Registered Dental Hygienist
since 2009

# FUNDRAISER

## FOR THE MONASTERY ST. MARINA,

### IN THE VILLAGE TUMINEC, MALA PRESPA

### February 8th, 2025



Sonja&Oliver Band,
Chris Dimovski, Dusko Petkovski
&DJ Ane

**$60/Adults** **$50/Students** **$35/Kids**

**ST. NEDELA CHURCH 485 BAYLY ST W, AJAX, ON L1S 6M7**

**For reservations Contact:**
**Naste: (647) 854-3670 or Maja (416) 347-7689**

## БОГАТА ПРАЗНИЧНА СЕЗОНА ЗА МАКЕДОНСКО ПЕНЗИОНЕРСКИОТ КЛУБ ВО ВУДБРИЏ – „WOODBRIDGE MACEDONIAN SENIORS CLUB”

**Подготвила Драгица Димовска**















***Активностите на Македонскиот Пензионерски Клуб во Вудбриџ – „Woodbridge Macedonian Seniors Club”***

Поминаа новогодишните и божикните празници, нашата македонска заедница со радост ги пречека и ги испрати. И пензионерскиот клуб од Вудбриџ –‘’ Woodbridge Macedonian Seniors Club” како и секоја, така и оваа година за време на празниците организираше две божикни прослави. Првата се одржа на 20-ти декември по повод канадскиот Божик, а втората на 15-ти јануари по повод на православниот Божик Христовото раѓање и православната Нова година Василица. И двете прослави беа весело разиграни со богато наместена трпеза, убава македонска музика, гости од нашата македонска заедница и гости од канадскиот парламент. На првата божикна прослава гости и познати личности ни’ беа: свештеникот од Македонската Православна Црква “Св. Димитрија Солунски од Маркам” протоерej Горан Ристески кој ја благослови вечерта и претседателот на истата црква господинот Диме Малаковси. Таа вечер се избраа и нови кумови а тоа се: г-дин Џон и г-ѓа Џина Билкас, а дотогаш кумови беа г-дин Дени и г-ѓа Џоана Мисиос. Почесен гостин ни’ беше и претседателот на Македонската Православна Црква Св. Недела од Еџакс, (Ajax) господинот Славе Бунтевски со сопругата Зора со кој имаме одлична соработка. Познати личности и почесни гости од канадскиот парламент беа: членот на канадскиот парламент г-дин Франческо Сорбара (Francesco Sorbara), Мајорот од општината Ван г-дин Стивен Дел Дука (Steven Del Duca), како и општинскиот советник Џино Росати (Gino Rosati). Музиката беше од оркестарот на Христо Горгиев Ице. Прославата заврши весело со песни и ора. На втората божикна и новогодишна прослава гости ни беа: повторно г-дин Франческо Сорбара член на канадскиот парламент Сорбара, г-дин Мајкал Гулјилимин (Michael Guglielmin) кој е политичар и кандидат за член на канадскиот парламент и младиот Адриано Волпентеста (Adriano Volpentesta) советник во општина Ван и ова прослава заврши весело и разиграно со музика и песна од оркестарот на „Децата од Буф” и со Анета Наковска интерпетаторка на македонски песни од Македонија. Инаку активностите во клубот низ годината се следните: Секој ден клубот е отворен од 9:00 часот наутро до 12:00 часот на пладне и секој понеделник, среда и петок од 5:00 часот попладне до 10:00 часот навечер. Се игра Бинго, би рекла дека повеќето од жените играат Бинго, а мажите играат карти. Секој вторник и четврток од 9:00-10:00 часот наутро има вежби за сите. Низ годината правиме екскурзии – посетуваме наши македонски цркви , одиме на касино неколку пати во годината,посетуваме некои историски места во Канада, како на пр. Мускока, Торонто Аквариум, 1000 острови и на други места. Еднаш годишно правиме пикник, учествуваме на културен фестивал што го организира (SAVI) тоа клуб како чадор на сите 18 клубови што постојат во општината Ван. На овој фестивал во програмата земаат учество нашите играорнии групи, Македонка , Илинден, порано и играорната група од Водбриџ (Woodbridge Macedonian Youth Group). Ги славиме и празници Велигден Христовото Воскресение , Валентајн, Денот на мајката , Денот на жената и др. Членови на клубот можат да бидат пензионери што живееат во општина Ван и 10% проценти надворешни. Моментално клубот брои околу 130 членови. Сепак ние како пензионери сме задоволни од општината во која живееме која ни’ овозможува бесплатно место за нашите средби, бесплатни вежби (Fitnes -exercise) бесплатен парк за пикник, мајорот на Ван секоја година ни’ подарува по 5,000 долари и често пати вработени во општината ни’ помагаат за аплицирање на грантови. На крајот на мојот текст како негов автор и претседател на клубот сакам да се заблагодарам на мојата управа и на сите членови на клубот , сите што помагаат да постои овој клуб, да се дружиме, и полесно да ги поминуваме пензионерските денови. Благодарам и до вас г-ѓа Соња Лозановска за вашето време што ги објавувате нашите активности во вашиот весник и често пати со вашиот сопруг Оливер и вашиот оркестар ни’ правите забава во клубот. Драгица Димовска – претседател – Woodbridge Macedonian Seniors Club.













## КОГА ПОВТОРНО ЌЕ ТЕ СРЕТНАМ

**(посветена на мојот сопруг Мицко )**

Кога некогаш повторно ќе те сретнам
Ќе ти раскажам за моите соништа,
кои во ноќта лебдеа над мојата глава како бели гулаби во лет,
како пеперутки, од цвет на цвет,
Среќна во сонот ме правеа,
а утрата радосни ми беа.
Кога некогаш повторно ќе те сретнам
Ќе ти раскажам за моето време поминато без тебе, сама се лажев и помислував, дека те имам крај себе, но ти не беше тука,
Деновите така поминуваа од нашето живеење,
спомените те споменуваа,
со љубов во бела книга напишани, во мојата душа ,
во гради запишани.
Кога некогаш повторно ќе те сретнам
во недогледно и необично време и на друго место,
можеби љубовта пак ќе ја обновиме,
заклетва ќе си дадеме дека никогаш нема да се разделиме.

**Драгица Димовска**

## The Best of Ilinden: A Stunning Celebration of Macedonian Culture

Macedonian Folk Ensemble

ILINDEN

On December 20, 2024, the Macedonian Folk Ensemble Ilinden marked its 40th anniversary with "The Best of Ilinden," a generations reunion concert that will be remembered as one of the most remarkable cultural events in recent history. Held at the sold-out Meadowvale Theatre, where 400 guests gathered, the concert celebrated the Ensemble's enduring legacy, cultural richness, and unparalleled talent. It showcased their unwavering dedication to preserving Macedonian heritage while also representing Canada's multicultural values on the global stage. This extraordinary event was not just a performance, but a powerful reflection of the Ensemble's continued commitment to sharing their vibrant cultural traditions with the world.

The evening unfolded as a vibrant journey through Macedonian dance and music, with performances by the Junior, Transitional, Senior, and Veterans Groups, each bringing their unique energy and expertise to the stage. The Junior and Transitional Groups, under the impeccable leadership of choreographer Ivan Tochkoski, dazzled the audience with their charm, discipline, and dedication. Special mention goes to these groups for their hard work and boundless love for Macedonian folklore, which shone through every graceful step. The Senior Group, led by the visionary Orhidea Radevski, delivered breathtaking artistry and powerful storytelling, a true testament to their hard work and passion. Radevski's innovative approach and dedication created a performance of stunning beauty, demonstrating both the depth and evolution of Macedonian tradition. The evening was a true celebration of tradition, talent, and unity, as each performance mesmerized the audience with its precision, passion, and authenticity. From the youngest Junior Group to the experienced Senior Group, every dancer brought a unique energy and unmatched spirit to the stage. Together, they exemplified the power of dance to preserve and honor culture, leaving the audience in awe of their talent and devotion.

македонски национален херој, учесник во македонското револуционерно движење, деец на Македонската револуционерна организација, апостол и срцето на револуционерна Македонија, идеолог, организатор и водач на македонското револуционерно националноослободително движење кон крајот на XIX и почетокот на XX век.[
На 7 февруари 1942 во.с. Цакони, Воденско, Егејска Македонија родена е Марија Воденска, поет и романсиер. Завршила Филолошки факултет во Скопје, а работела како професор и новинар. Член на ДПМ од 1993 година.

-На 10 февруари во кавадарци роден е Петар Мазев (починал во Скопје на 13 март 1993) —македонски сликар, еден од најзначајните творци на македонската модерна уметност. Самостојно изложувал во Скопје и на голем број групни изложби во земјата и во странство.
Изработил мурал во Железарницата во Скопје 1967 година, мозаици во Стопанска банка и Државна болница 1971 година, сите во Скопје и Спомен костурница во Велес, 1979 година; керамопластика кај споменикот на Илинден, Крушево, 1974 година.

На 13 февруари 1947 година во Скопје е основано Друштвото на писателите на Македонија. Основачи биле: Блаже Конески (прв претседател), Димитар Митрев, Славко Јаневски, Ацо Шопов, Владо Малески, Ристо Крле, Васил Иљоски и Иван Точко.

-На 14 февруари 849 година починал Свети Кирил Солунски или Константин Филозоф заедно со својот брат Методиј — основоположник на словенската писменост и култура. Покрај тоа тој бил и учител, свештеник и епископ, кој поради неговата мудрост и дејност заедно со брата си биле нарекуваат „Еднакви со Апостолите“.
-На 14 февруари се прославува Св.Трифун кој е познат како покровител на меанџиското еснаф и заштитник на лозјата и винарите. Во Тиквешијата и Повардарието кои се познати по лозовите насади, виното и ракијата, во чест на овој ден се изведува обредно закројување на виновата лоза. На тој начин се верува дека лозјата ќе бидат заштитени од разни штети, болести и несреќи.

-На 16 февруари 2001 година во близината на селото Танушевци се случила вооружена пресметка меѓу македонската војска и полиција и припадници на „УЧК“.
На 19 февруари, 1905 година во Париз излегол првиот број на весникот „Македонија“.

-На 22 февруари во Охрид роден е Христо Димитров Узунов или Дуле Узунов (починал воЦер, 24 април 1905). Узунов бил македонски учител, војвода и реонски началник на четите на Македонската револуционерна организација во Охридскиот револуционерен округ. Се школувал во Солун и учествувал во солунските училишни бунтови (1896). Лежел во битолскиот Централен затвор Катилане (1898 и 1902–1903). Од 1903 година бил поставен за главен војвода на охридските револуционерни чети. Учествувал на Смилевскиот конгрес. Во Илинденското востание бил член на Горското началство (Штабот) за Охридскиот револуционерен реон. Учествувал во спасувањето на збегот од Рашанец на ок.



200 семејства. На Прилепскиот конгрес бил избран за секретар и за окружен ревизор на четите на МРО за Охридско, Струшко и Кичевско. Загинал со четата опколен од турска војска.
На 25 февруари 1949 година со закон на Народното собрание на НР Македонија е основан Универзитетот во Скопје. Со одржувањето на првото Универзитетско собрание на 24.04.1949 година, е означено раѓањето на Универзитетот како највисока научна и образовна институција во Македонија. Во 1969 година, при одбележувањето на 20-годишнината од работата на Универзитетот, тој го доби името Универзитет „Кирил и Методиј“, а на 12.11.1992 година, со одлука на Универзитетскиот совет, Универзитетот „Кирил и Методиј“ пред името на словенските просветители го доби и епитетот свети, значи „Свети кирил и Методиј“.
-На 26 февруари 1948 во Богданци е роден Ѓорѓи Колозов, еден од најпознатите актери во Македонија, најзапаметен е по неговите извонредни толкувања на разни типски ликови од народно творештво како цар, селанец, па дури и како Господ. Уживал популарност и во македонската дијаспора, во Австралија, САД, како и во соседните држави на Балканот. Починал на 13 октомври 2003 во Скопје.

-На 26 февруари 2004 та година во во авионска несреќа загина Борис Трајковски — македонски политичар и втор претседател на Македонија, од 15 декември 1999 година до 26 февруари 2004 година, кога неговиот мандат заврошил со трагична смрт во Мостар, Босна и Херцеговина. Роден бил во Струмица, Македонија на 25 јуни 1956 година.

-На 28 февруари 1907 во Дробитишта починал Петар Дамов Христов , познат и како Петре Дамовски, бил роден во село Герман 1867 година, Егејска Македонија. Во 1899 година влегол во ТМОРО и станал селски војвода. Во 1901 година турските власти го уапсиле и осудиле на 6 години робија, но во 1903 година бил амнестиран. Учествувал во Илинденското востание како војвода. По Востанието заминал за САД и оттаму се вратил во 1905 година. Повторно формирал чета и како нејзин војвода дејствувал против Турците и андартите во преспанско, особено Наколец. На 28 февруари 1907 година бил опколен од турскиот аскер кај селото Дробитишта. За да не им падне жив во рацете, Петар Христов се самоубил. Неговиот син Герман Дамовски ја продолжил традицијата во борбата за ослободување на Македонија како раководител на НОФ.
На 28 февруари 1934 година основан е Музејот на град Битола сместен во некогашното Битолско воено училиште, основано во 1847 година.
Заводот и музеј Битола во вршењето на својата дејност ги користи следните објекти: Стара касарна, антички локалитет Хераклеја Линкестис, Уметничка галерија (Јени џамија (Битола), Ајдар-кади џамија, Спомен-куќа на Гоце Делчев, Спомен-куќа на Стив Наумов, Магазата на ул. „27-ми Март“.
Во музејот можат да се видат многу поучни работи, како на пример статуи од познати борци (Гоце Делчев, Питу Гули итн.), праисторијата на луѓето и др.







*I'm all about bringing the vibe to your special day, whether it's a birthday, a graduation, community or opening event. Just let me know your music preferences, and i'll blend them seamlessly into non stop mixes that'll keep everyone dancing! With rhythm in my blood and music in my soul, I feel every beat deep within, a gift passed down from my musician parents. As DJAne, I translate that connection into an unforgettable experience, ensuring each song resonates with the crowd. Feel free to contact me anytime at: 647-461-4505 email: alexandrapet2005@gmail.com*




# Македонија

To send articles, advertisements,
or to subscribe to
Macedonia newspaper please contact us at:
**macedonia.canada@yahoo.com**
Call or text: **416-827-0954**

# CANADIANA FLOWERS

**www.canadianflowers.com**
**Design Studio, 3087 Kingston Road**
**Toronto, ON M1M 1P1**
**info@canadianaflowers.com**

**Toll Free: 888-265-767**
**Local: 416-265-6867**




# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

**Home of the FREE Custom Mouth Guard**

**For all our sports-playing patients! Call for details today!**

**2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9**

**905-458-6620**

# THE LADIES AUXILLIARY FROM THE MOC ST. CLEMENT OF OHRID FROM TORONTO MADE A TRADITIONAL CHRISTMAS VISIT TO THE CANADIAN-MACEDONIAN PLACE

*The Ladies Auxilliary from the MOC St. Clement of Ohrid from Toronto, led by the president Vera Stevanovska, made a traditional Christmas visit to the Canadian-Macedonian Place. Volunteers from St. Clement of Ohrid together with the priests Aleksandar Todorovski and Sasho Celeski spent several hours in a cordial atmosphere and conversations during which they were treated to sweet and savoury products that the women's section prepared for them.*




























**850**
**O' Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;**
**Располагаме и со паркинг места за станарите;**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:**
**Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**
**sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**


The Carpenters' Union Local 27
Family would like to wish everyone a...
HAPPY FAMILY DAY!
UNITED BROTHERHOOD OF CARPENTERS AND JOINERS OF AMERICA
LABOR OMNIA VINCIT
CARPENTERS
& ALLIED WORKERS
LOCAL 27
SAFE, WELCOMING AND INCLUSIVE
TO EVERYONE.
222 Rowntree Dairy Road, Woodbridge, ON L4L 9T2
T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca | @carpenters27

# Афоризми

-Разгали ја сопругата, никако децата.
-Навечер одбегнувај ги автоматите за пари.
-Чувај неколку инспиративни книги покрај креветот.
-Биди благодарен што Бог не ти одговара на сите твои молитви.
-Читај ги посветите, воведите и предговорите во книгите.
-Заштити го својот ентузијазам од негативноста на другите.
-Биди подготвен и да губиш понекогаш.

-Остани отворен, флексибилен,љубопитен.
-Не дозволувај твоите опсесии да те поседуваат.
-Кога разговараш со новинари запомни дека тие секогаш го имаат последниот збор.
-Соработувај со оние кои соработуваат со тебе.
-Во посета на болница и во затвор да не одиш со празни раце.

# Вицови

*** Дојди вечерва. Вечера со вино и свеќи...
- Ти си толку романтичен!
- Па, ми ја исклучија струјата!

***
Како се вика главниот град на Фејсбук?
Лајково.

*** На следните избори ќе гласаме за Алибаба!
Има само 40 крадци!

***
Маскиран лик пресретнува господин во костим, вади пиштол и се заканува:
- Дај ми ги твоите пари!
- Но... јас сум политичар.
- Па тогаш, дај ми ги моите пари!

*** Што е предизборен молк?
Единствениот ден кога политичарите не лажат!

*** Мажите порачуваат: Жени не се возбудувајте ако трчаме по вас. Трчаме и по топката, па на крајот ја шутнуваме.
Но, затоа и жените порачуваат: Мажи, не се возбудувајте ако се заљубиме во вас. Се заљубуваме и во пар чевли, но потоа купуваме уште 5 пара за секој случај.

*** Полицаец стопира пијан човек среде ноќ.
Каде си тргнал во ова време?, му вели.
На предавање, одговара пијаниот.

*** Како да не, кој држи предавање во оваа доба од ноќта?
Мојата сопруга!

*** Врв на машката верност: Оженет е по трет пат, а ја има истата љубовница.

*** Зошто балерините одат на прсти?
За да не ја пробудат публиката.

*** Доаѓа Трпе од училиште и татко му го прашува:
Сине, како помина на училиште?
Тато ти си фудбалер, па ќе ме разбереш. Го продолжив договорот за прво одделение на уште една година.

***
Елена: Баш сум како Пепелашка, само готвам, перам, пеглам.
Горан: Е па, кога се омажи за мене, убаво ти кажав дека ќе живееш како во бајка.

***
Зошто војникот мора да носи шлем? За нешто да не му падне на памет.

***
Трпе влегол во кафеана и го прашува келнерот:
- Имаш пиво?- Имам.- Ладно ти е?
- Да.- Оди облечи се и донеси ми го пивото.

***
Во македонските болници има само два вида дијагнози:
- Ништо не ви е.- Што сте чекале до сега!

***
Зошто хирурзите најмногу сакаат македонски политичари?
- Зашто политичарите најлесно се оперираат: немаат срце, немаат рбет, целите се стомак, а задникот и главата им се идентични.

***
Некој бизнисмен сакал да му подари автомобил на еден пратеник.
– Знаете, јас не можам да прифатам толку вреден поклон…
– Добро тогаш да речеме дека сум ви го продал, за дваесет евра. Може?
– Па ако е така, тогаш ќе земам два.

***
На судење, судијата го прашува обвинетиот:
- Зошто ја ограбивте банката?
- Таа прва почна.

***
- Каде си, миличок?
- Дома, љубов моја!
- Не ти верувам. Сликај ја жена ти.

***Политика во домот
Свекрвата на својата нова снаа сакала да и објасни кој каква позиција има во семејството и сметала дека најдобро тоа ќе го направи преку политички концепт, па и рекла:

„Јас сум премиер и министер за финансии во домот, твојот свекор е министер за надворешни работи, син ми, твојот сопруг е задолжен за набавки, а ќерка ми е задолжена за планирање и развој. Ти кое министерство ќе го водиш?“ – ја прашала свекрвата снаата.
Снаата се насмевнала и и' одговорила:

„Па драга свекрво, јас ќе бидам лидер на опозицијата...“

# НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!
Да почнеме:Денес ви дадам идеи како да декорирате куќарка за птици:

**1.Дрвена куќарка за птици( купена од Доларама);**
**2. Акрил и водени бои фолмастери ;**
**3. Заштитна боја за дрво;**
**4.Птици, мали фигури;**
**5.Безбоен лак за дрво.**



Куќарката може да биде на склопување или веќе направена, изборот е на вашата имагинација. Мојот син Александар е голем талент за уметност и бидејќи беше на зимски распуст имаше време да декорира цртежи со птици:црвен кардинал, блу џеј, папагалче,сина пеперутка и монарх пеперутка. Јас му бев ментор околу организацијата на цртежите и дополнителна декорација со пеперутките, дрвјата, гранките и цветовите. Откако ја заштитивме со боја за дрво куќарката,Алекс настапи со цртање и боење. Ни требаа точно две недели за целиот процес, бидејќи на крајот ја лакиравме со безбоен лак за комплетна заштита на цртежите и дрвото. Се надеваме ќе уживаме во присуството на многубројни птици и нивната песна напролет во нашиот двор.
Драги читатели сега е вашиот ред да пробате и да уживате во некоја нова идеја и декорација!

**Рубриката НАПРАВИ САМ**

**ви ја подготви Каролина Ристеска.**









Доколку сакате да испратите подарок до Вашите мили и сакани роднини и пријатели во Македонија, за слава, имenден,роденден,годишница во брак,новороденче и за било какви други поводи, тоа ќе може да го сторите најбрзо преку бизнисот" The Gifting Studio"






# За осветување на душите и телата



Пишува:
Протоереј Александар Тодоровски
Парохиски свештеник во Епархиски соборен храм „Св. Климент Охридски“ - Торонто
Тел. 654 801 9915; e-mail: fr.aleksandar@stclementofohrid.com

На 19 јануари кога Светата Црква го прослави Големиот празник Крштевање на Господ Исус Христос во Јорданските води, празникот Богојавление, или како што уште се нарекува Водици, од Устата на Црквата го слушнавме Господовиот глас над водите, кој ги повикува сите да го примат духот на премудроста, духот на стравот од Бога, Христовото јавување. И бидејќи тој глас е Божјиот, би можело да се очекува, дека ние, исполнувајќи се со дух на разум и страв од Бога, нема да имаме потреба од укажување на големината и велелепноста на празникот, но, сметам дека е потребно на укажеме на значењето на големиот и возвишен чин - Водосвет.

Најпрвин ќе укажеме на потеклото на чинот, кој го устроил, дали некои обични луѓе? Не, овој чин го имаме примено од големи и свети мажи, од апостолите и нивните следбеници. А првиот и највисок пример за тоа е даден од Самиот Господ Исус Христос, кога Тој преку потопување на Своето пречисто тело во реката Јордан ја осветил целата природа на водата. Токму поради тоа, ние сме должни да се однесуваме со големо почитување кон чинот пред којшто со страв се поклонувале најголемите и свети мажи, а во текот на многу векови служел за осветување на цели земји и народи.

А како се извршува чинот, како се осветува водата? Дали преку некакво обично благословување? Иако секое благословување, кога се дава во името на Отецот и Синот и Светиот Дух, е важно за христијаните, сепак овде станува збор за едно поголемо благословување и свештенодејствување. Тука, не еден човек, туку целата Црква излива топли молитви, суштината на водата да биде осветена преку силата и слегувањето на Светиот Дух, преку очистувачкото дејство на Пресветата Троица, и да ѝ биде дадено Јордановото благословување. Овде, најсвечено се повикува над осветената вода највозвишеното и достојно за поклонување име на Оној, пред Кого трепераат сите созданија. На крајот, се извршува трикратното потопување на Христовиот крст во водата која се осветува - крст пред кој благодарат сите небесни сили и од кој бегаат сите сили на нечистиот.

При осветувањето свештеникот ја чита молитвата „И дај и благодат“ во која се молиме за разни благодатни дарови и дејствија на водата, за да им биде на оние кои ќе зацрпуваат и пијат од неа, за очистување на душата и телото, исцелување од болести, осветување на домовите и секаква корист. Потоа, следува молењето за оние кои ќе ја допираат водата, ќе се причестуваат и мијат со неа, Бог да им даде осветување, здравје, очистување и благослов, и се молиме за народот и за архиерејот.

А, зошто се осветува водата? За некои ли мали и обични цели? Не, туку за најважните. Православната црква преку молитвите го повикува Божјиот благослов, водата да послужи за осветување на оние кои ја пијат и кои се замиваат со неа, да добие сила која служи за исцелување на душата и телото, отстранување на видливите и невидливите непријатели и да е од голема полза на оние коишто веруваат. Водата се осветува за да биде - како што се испросува во ектенијата - дар за осветување, избавување од гревовите, за исцеление на душата и телото, за ослободување од секаква клетва на видливите и невидливите непријатели и приведување кон вечниот живот. Можеме ли да молиме за поголеми дарови? Можеме ли после тоа да не стоиме со почит пред оружјето на таквите дарови? Оттука, само по себе е очигледно, што значи и каква сила има црковното осветување на водата која ја употребуваме за пиење и миење. Тоа значи дека во неа се обновува Јордановото благословување, враќањето на Господовиот благослов и благодатта на Животворниот Божји Дух, давањето на благодатна сила за осветување на душите и телата на оние, кои се ползуваат од неа со вера. Затоа, осветената преку црковно свештенодејствие вода, по молитвите на Светата Црква, станува извор на нераспадливост, дар за осветување, исцелување на болести, погубна е за демоните, гонителка на противничките сили, исполнета со ангелска сила; така што на сите кои се ползуваат од неа им служи за очистување на душите и телата, исцелување на страстите, осветување на домовите и за секаква духовна и телесна полза.

Светата вода се нарекува „агијазма“ што значи светиња, а светиња се нарекува сé она што е исполнето со благодатта Божја. Тоа може да бидат моштите на светителите, иконите, мирото, нафората, но , сепак, првенствено, под „светиња - агијазма“ се подразбира водата на која е извршен чинот водосвет.

Црквата ја чува осветената вода и ја употребува со големо почитување на многу важни случаи: на пример, таа вода се употребува за осветување на храмови и црковни предмети; се употребува за осветување свето миро за Светата тајна Миропомазание, за осветување на светиот антиминс на кој во црквите се извршува бескрвна жртва; таа вода се дава после тридневен строг пост без храна и пијалок во првите денови од Великиот пост, бидејќи Големото водоосветување според црковните канони се смета како понизок степен на Света Причест. Ете колку високо Црквата ја поставува осветената вода!

По своите физички квалитети, светата вода со ништо не се разликува од обичната. Навистина, таа останува свежа подолго време од обичната вода, но суштината не е во тоа. Има случаи кога и света вода се има расипано, но тоа не треба воопшто да поттикнува сомнеж дека таа не била осветена. Светиот Дух слегува врз обичната вода и ја прави необична, ја прави света, која пренесува благодат кон сé што допре. На почетокот се осветува обична вода читајќи молитви и спуштајќи го крстот во неа, а потоа, таа вода ја пренесува благодатта на сé што се попрскува со неа.

Има две осветувања на вода: големо и мало. Големото осветување на водата, меѓу народот се нарекува Водокрст. Се служи вечерта на Богојавление и на денот на Богојавление. Се нарекува големо, заради свеченоста на обредот, во кој се потсетуваме на крштевањето Господово, во кое Црквата, не само што гледа прототип на миењето на гревовите, туку и вистинско осветување на природната вода преку потопувањето на Бога со телото во водата. Тоа е свечен обред на кој редовно присуствува мноштво народ, кој осветената вода ја носи во своите домови, бидејќи достапноста на светата вода во христијанскиот дом едноставно е задолжителна. Во некои краеви има обичај свештеникот сам да ја разнесува Богојавленската вода по домовите на парохијаните. Најдоброто место за складирање на светата вода е домашниот иконостас. За да не стане грешка, светата вода да се земе како обична и да се излие, треба да се стави белешка со точно значење кога и каде е осветена. Света Богојавленска вода се чува во секој дом преку целата година како голема светиња, а се зема само во исклучителни случаи. Се зема на празен стомак по утреното правило, со посебна побожност како светиња. Покрај Водокрст и на празникот Богојавление, благочестивиот христијанин може да попрска и да ја користи и на големите Господови и Богородични празници. Во сите случаи Богојавленската света вода ја користат здрави луѓе и служи за осветување на нивните души и тела. Здравите луѓе ја користат во особено силни напади на страст и при смртоносен час, а светата Богојавленска вода може и треба да ја користат сите сериозно болни христијани, пред и после операција, срцеви и мозочни удари, бремени жени и млади мајки. Секако, ако Богојавленската вода се користи безгрижно, таа не само што помага, туку може и сериозно да им наштети на оние кои безгрижно ја користат, истото што се однесува и при земањето Света Причест без исповед и соодветна подготовка.

Мало осветување на водата Црквата задолжително прави на денот на изнесување на Чесниот Крст Господов и на денот на Преполовение, кога се потсетуваме, како Господ на преполовувањето на празникот Педесетница му нудел на народот жива вода, која тече за вечен живот, зборови на Спасителот исполети со најдлабока смисла кои ги упатил на жената Самарјанка: „А Кој пие од водата, што ќе му ја дадам Јас, нема никогаш да ожедни; таа во него ќе стане извор на вода што ќе тече во живот вечен“(Јн 4,14). Мало осветување се прави и во деновите на храмовиот празник и секој први во месецот, а во зависност од потребата, може да се служи во секое време, во дом, поле, градина и на секое прикладно место, при многу црковни чинови, а и секој христијанин може во својот дом да побара од парохискиот свештеник да биде извршен чинот водосвет со што ќе биде снабден со потребната количина на света вода.

Обичната света вода, која е осветена на Малиот водосвет, може да се зема во текот на денот, најдобро пред јадење. Погодна е за сите случаи на телесна и духовна мака. Добро е да се пие пред јадење, а нејзината употреба по храна за да ја гасне жедта е за осуда. Светата вода ги отстранува и разните сомнителни и логички тешко објасниви феномени коишто ги има за цел да ги исплашат и збунат луѓето. Таа има моќ да ги отстранува злонамерните влијанија на завидливите луѓе и манифестирањето на злобната ѓаволска моќ, изразена со општо несогласување. Затворникот Георгиј Задонски поучува: „Кога христијанинот употребува просфора и света вода, од него нечистиот дух бега, душата и телото му се осветуваат, мислите му се возвишуваат за угодување на Бога и човекот станува склон кон пост, молитва и секаква добродетел“.

Во нашата Македонска Православна црква има традиција свештеникот во текот на годината повеќе пати да свети вода, особено за време на постите, како и пред нашата домашна слава. Со доаѓањето на свештеникот во домот и осветувањето на водата, доаѓа и Божјата благодат во домот, затоа што по осветувањето на водата свештеникот со Светата вода ја поросува целата куќа и сите присутни и ги благословува со целивање на светиот Крст. Осветувањето на водата во домовите, не е некој обичај, туку насушна потреба на сите верници кои чувствуваат потреба да бидат осветени и очистени со поросувањето на Светата вода. Нашиот народ како да го изгубил тоа чувство на светиња и потреба од светињата, па има мнозина што одамна не повикале свештеник во својот дом и често не се спремни за тој чин. Не е добро нашата вера да биде сведена на обичај за осветување на вода, ама не е добро ни да го отстраниме тој обичај од нашиот живот, бидејќи осветувањето на водата и нејзиното користење има своја полнота и смисла само доколку е во согласност со останатите прописи па Православната црква за христијански духовен живот, како што се пост, молитва, милостина, света тајна покајание и исповед, Причест и сé останато без кое нема спасение на душата.

Најчестото прашање пак помеѓу верниците е тоа колку долго треба да ја чуваат светата вода, што да прават со старата кога ќе стигне новата, и за што се користи светата вода?

Светата вода, особено онаа од Богојавление (која народот ја носи во своите домови), може да се чува неограничено. Колку и да ја чуваме, таа не ја губи светоста, ниту пак се расипува. Има во народот луѓе кои Богојавленската вода ја чуваат повеќе години, со тоа што секоја година кога ќе донесат од новата вода, по малку додаваат во шишето каде ја чуваат старата вода. Но главното прашање е што се прави со старата вода после една година кога ќе се осветува нова? Во црковните книги нема одговор на ова прашање, ниту пак има некакво пишано правило во врска со тоа. Но, затоа постои народно предание или обичај кој Црквата индиректно го прифатила, и кое стекнало иста вредност како и многу други работи кои Црквата ги прифатила по пат на предание.

Па, по тоа народно, а сега и црковно предание, доколку целата количина на Богојавленска вода не се потроши побожно во тековната година, тогаш кога ќе стигне новата вода, остатокот од старата се истура во бунар, река или цвеќе (или се пие). Во секој случај, се истура на места каде нема да биде изложена на газење и осквернување.

Што се однесува до водата која се осветува во домовите, во текот на постот од неа може, а и треба да се пие секое утро пред јадење и така да се потроши. Таа всушност се осветува со и таква цел, за големите празници како Божик и Велигден да се дочекаат во осветени домови, ама и со осветена душа (како храм на Светиот Дух), за што користењето на светата вода многу придонесува.

Целата осветена вода за куќната слава се употребува за правењето на славската погача, а може и да се остави малку за сите членови на домот да се напијат по една голтка за осветување на душата и телото.

Но со тие благотворни дејства на осветената вода се удостојуваат само оние, кои ја примаат со вистинска и жива вера, со искрена желба да се очистат од гревовите и да се спасат, со огнена и срдечна молитва и со благодарност, во духот на длабоко срдечно умиление. Искрената, жива и срдечна вера е единствениот орган на нашата душа, преку кој се прима Божјата благодат, главен услов, преку кој можеме да се осветиме и спасиме. Самиот Господ вели: „Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен, а кој не поверува, ќе биде осуден“ (Мк 16,16). Без смирение и страв, без љубов и благодарност пред Бога ние сме недостојни да се ползуваме од даровите на Божјата благодат, и сé да ни служи за полза, а не за штета. Од самите нас зависи какво ќе ни биде учеството во црковните свештенодејства. Ако секоја светиња ја примаме со вера и благодарност, со срце смирено и скрушено, со искрена желба за Божјата благодат, тогаш таа ќе ни биде за осветување и спасение. Ако, пак, ја примаме со лесномислие и без страв, без вера и надеж во Божјата благодат, тогаш таа ќе ни биде за суд и осудување.

**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник**
**во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2025 (by father Sasho Celeski)**

| 2025 | | | **ФЕВРУАРИ** 28 дена |
|---|---|---|---|
| Д | нов | стар | СЕЧКО |
| С | 1 | 19 | Преп. Макариј Велики; св. Марко Ефески |
| Недела 32 по Педесетница, Гл. 7; Ев. В 10, На Литургија Апостол 1 Тим (4, 9-15); Ев. Лк 94 (19, 1-10) | | | |
| Н | 2 | 20 | Преп. Ефтимиј Велики; св. цар Лав Велики |
| П | 3 | 21 | Преп. Максим Исповедник; преп. мч. Неофит Никејски |
| В | 4 | 22 | Св. ап. Тимотеј; преп. мч. Анастасиј Персиец |
| С | 5 | 23 | Св. свешт-мч. Климент Анкирски; св. мч. Агатангел |
| Ч | 6 | 24 | **Преп. Ксенија Римјанка; преп. Македониј Сириски** |
| П | 7 | 25 | † **Св. Григориј Богослов**; св. свешт-мч.Владимир Киевски |
| С | 8 | 26 | **Св. Јосиф Солунски**; преп. Ксенофонт и Марија со чедата |
| Недела на **Митарот и Фарисејот**, Гл. 8; Ев. В 11, На Литургија Апостол 2 Тим (3, 10-15); Ев. Лк 89 (18, 10-14) | | | |
| Н | 9 | 27 | Пренесување на моштите на св. Јован Златоуст |
| П | 10 | 28 | Преп. Ефрем Сирин; преп. Исак Сирин; преп. Паладиј |
| В | 11 | 29 | Пренес. на моштите на св. свешт-мч. Игнатиј Богоносец |
| С | 12 | 30 | Свети Три Ерарси; св. свешт-мч. Иполит Римски |
| Ч | 13 | 31 | Св. бесребр. Кир и Јован; св. мч-чка Трифена |
| П | 14 | 1 | *Прет. на Сретение*; † **св. мч. Трифун**; св. мч-чка Перпетуа |
| С | 15 | 2 | Сретение на Господ Исус Христос |
| Недела на **Блудниот син**, Гл. 1; Ев. В 1, На Литургија Апостол 1 Кор (6, 12-20); Ев. Лк 79 (15, 11-32) | | | |
| Н | 16 | 3 | † **Св. Симеон Богопримец и пр-ца Ана**;св.Николај Јапонски |
| П | 17 | 4 | Преп. Исидор Пелусиот; преп. Николај Исповедник |
| В | 18 | 5 | Св. мч-чка Агатија |
| С | 19 | 6 | Св. Вукол Смирненски; св. Фотиј Цариградски |
| Ч | 20 | 7 | Св. Партениј Лампсакиски; преп. Лука Еладски |
| П | 21 | 8 | Св. пр. Захариј; св. вмч. Теодор Стратилат |
| С | 22 | 9 | *Одд. на Сретение*; св. мч. Никифор; ***Задушница*** |
| Недела **Месопусна**, Гл. 2; Ев. В 2, На Литургија Апостол 1 Кор (8, 8 – 9, 2); Ев. Мт 106 (25, 31-46) | | | |
| Н | 23 | 10 | † **Св. свешт-мч. Харалампиј**; преп. Прохор Лободник |
| П | 24 | 11 | † **Св. мч. Георгиј Кратовски**; св. Власиј |
| В | 25 | 12 | Св. Мелетиј Антиохиски; св. Алексиј Московски |
| С | 26 | 13 | Преп. Мартинијан; св. ап. Акила и Прискила |
| Ч | 27 | 14 | † Упок. на св. Кирил Солунски |
| П | 28 | 15 | Св. ап. Онисим; преп. Евсевиј; пре. Пафнутиј и Ефросинија |

| 2025 | | | **FEBRUARY** 28 days |
|---|---|---|---|
| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| S | 1 | 19 | Venerable Makarius the Great; St. Mark from Ephesus |
| 32nd Sunday after Pentecost, Tone 7; Res. Gospel 10; on Divine Liturgy: 1 Tim. (4,9-15); Lk. 94 (19, 1-10) | | | |
| S | 2 | 20 | Venerable Euthimius the Great |
| M | 3 | 21 | Venerable Maximus the Confessor |
| T | 4 | 22 | St. Timothy, the Apostle |
| W | 5 | 23 | St. Clement, bishop of Ancyra; St. Agathangelos, martyr |
| T | 6 | 24 | St. Xenia from Rome |
| F | 7 | 25 | † **St. Gregory the Theologian** |
| S | 8 | 26 | Venerable Xenophont and Maria; St. Joseph, Bishop of Solun |
| Sunday of the **Publican and the Pharisee** Tone 8; Res. Gospel 11; on Divine Liturgy: 2 Tim. (3, 10-15); Lk. 89 (18, 10-14) | | | |
| S | 9 | 27 | Transfer of the relics of St. John Chrysostom |
| M | 10 | 28 | St. Ephrem the Syrian, venerable |
| T | 11 | 29 | Transfer of the relics of St. Ignatius Theophoros |
| W | 12 | 30 | **Three Holy Hierarchs:** Basil, Gregory and John Chrysostom |
| T | 13 | 31 | Sts. Cyrus and John, Unmercenary Physicians |
| F | 14 | 1 | † **St. Tryphon, martyr** *(Antef. of Presentation)* |
| S | 15 | 2 | **Presentation of our Lord Jesus Christ in the temple** |
| Sunday of the **Prodigal Son**, Tone 1; Res. Gospel 1; on Divine Liturgy. 1 Cor. (6, 12-20); Lk. 79 (15, 11-32) | | | |
| S | 16 | 3 | †**Sts. Simeon the Host of God and Ana** |
| M | 17 | 4 | Venerable Isidore of Pelusium |
| T | 18 | 5 | St. Agatha, martyr |
| W | 19 | 6 | V.Bukolos of Smyrna; St. Photius of Constantinople |
| T | 20 | 7 | Venerable Parthenius of Lampsacus |
| F | 21 | 8 | St. Thodore Stratilates; Holy Prop. Zachariah |
| S | 22 | 9 | St. Nikiforos, martyr *(Apod. of Present)*; **Memorial Saturday** |
| **Meat-Fare Sunday**, Tone 2; Res. Gospel 2; on Divine Liturgy: 1 Cor. (8, 8 – 9, 2); Mt. 106 (25, 31-46) | | | |
| S | 23 | 10 | † **St. Charalampos, hieromartyr** |
| M | 24 | 11 | † **St. George of Kratovo, martyr** |
| T | 25 | 12 | St. Meletius of Antioch |
| W | 26 | 13 | Venerable Martinian |
| T | 27 | 14 | † **Repose of St. Cyril of Solun**; Ven.Auxentius |
| F | 28 | 15 | St. Onesimus, apostle |





*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels

# OLD MILL PASTRY & DELI




WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI

Freshly Baked Bread and Pastries

Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop

We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke,
ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

